ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20-г и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20) и член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19), Градоначалникот на Општина Гевгелија објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2021

**за вработување на неопределено работно време на 1 (едно ) помошно-техничко лице во Општина Гевгелија**

Општина Гевгелија има потреба од вработување на неопределено работно време на 1 (едно ) помошно-техничко лице за следното работно место:

**1.Хигиеничар,** реден број 34, ниво – А3, шифра – УПР 04 05 А03 004, број на извршители - 1 (еден);

**општи услови:**

-кандидатот да е државјанин на Република Македонија,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност и
- активно да го користи македонскиот јазик;

**посебни услови:**

-основно образование,
-со или без работно искуство.

**работни задачи и обврски:**

-секојдневно одржување на просториите и инвентарот во зградата на општинската администрација, Одделението за локални даноци и такси, Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, канцеларијата на "Систем 48" и Територијалната противпожарна единица,
-секојдневно одржување на хигиената на просторот околу субјектите,
-секојдневна дезинфекција на санитарните јазли,
-по потреба варење и послужување кафе,
-по потреба врши доставување и земање на поштата на органите на општината.

**распоред на работно време:**

-двократно, од 07:00 – 10:00 часот и од 14:00 – 19:00 часот, 40 часовно - неделно работно време;
-паричен нето износ на плата 15.200,00 денари;

**Напомена:** Согласно годишниот план за вработување за 2021 година, вработувањето е предвидено за Македонец(ка).

..........................................................................................................................................

**2.Пријавата за вработување** со задолжителните докази за исполнување на условите се доставува во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневен печат не рачунајќи го денот на објавувањето.

Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите се доставува во хартиена форма во архивата на Општина Гевгелија или на адреса: Општина Гевгелија , улица „Димитар Влахов „ бр.4, Гевгелија, со назнака „За оглас број 01/2021 за прием на помошно-техничко лице - хигиеничар".

Пријавата за вработување може да се превземе од веб страната на Општина Гевгелија:**www.gevgelija.gov.mk**

Лице за контакт: Весна Хаџикојчева – Советник за управување и координирање со човечките ресурси, телефон 075/451-920.

**-Доставување на документација:**

Кандидатите заедно со Пријавата треба да ја достават следнава потребна документација:

- Уверение за Државјанство на РСМ (оригинал);
- Диплома за завршено образование (оригинал или заверена на нотар );
- Извод од историјатот на вработување од Центарот за вработување , како доказ за работното искуство (оригинал);
- Лекарско уверение како доказ да има општа здравствена способност (оригинал од трудова медицина) ;

-Документот – уверение за со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност, општина Гевгелија ќе го набави по службена должност.

**2.Постапката за селекција** ќе биде спроведена во следните фази: проверка на пријавата и веродостојност на доказите и интервју;

Градоначалникот со решение формира Комисија за селекција, која во рок од осум дена од истекот на рокот за пријавување на огласот врши проверка дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот и нивната веродостојност.

Доколку Комисијата за селекција се сомнева во веродостојноста на кој било од доказите, истата ќе достави барање за дополнителна проверка кај органот кој го издал доказот и кој е должен во рок од десет дена да одговори.

По пет дена од денот на објавување на Записникот од првата фаза на селекција на веб страната на општина Гевгелија, Комисијата за селекција ќе спроведе интервју со кандидатите за вработување.

По спроведената постапка на селекција, се прави ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале двете фази на селекција.

Од ранг-листата се избираат онолку кандидати по припадност на заедница согласно со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.

Комисијата за селекција ранг листата на кандидати му ја доставува на Градоначалникот, кој врши избор во рок од 15 дена.

Бр.04-987/3
16.6.2021 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков*

## ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**ПРИЈАВА**
**за вработување на помошно-техничко лице преку**
**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2021**

**1. Податоци за огласот**:
-Број на јавен оглас ____________________
-Назив на работно место за кое се пријавува ____________________
____________________

**2. Лични податоци за кандидатот**:
-Име ____________________
-Презиме ____________________
-Датум на раѓање ____________________
-Пол ____________________
-Припадност на заедница ____________________
-Адреса на живеење ____________________
- Место ____________________
-Контакт телефон ____________________
-e-mail адреса ____________________

**3. Податоци за исполнување на посебните услови**
-Степен на образование ____________________
-Вид на образование ____________________
-Образовна институција ____________________
-Податоци за вкупното работно искуство (години и месеци):
-во јавен сектор ____________________
-во приватен сектор ____________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата се веродостојни, а доставените докази верни на оригиналот.
Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

Датум на пријавување:

------------------------------

Подносител на пријавата
Име, презиме и потпис

------------------------------------